Квп1.бр.99/2017

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од Претседателот на судот Јово Вангеловски – претседател на советот и судиите: Ристо Катевеновски, д-р Џемали Саити, Шпенд Девеја и Рахилка Стојковска – членови на советот, со виш судски соработник Надица Серафимовска – записничар, одлучувајќи по барањето на осуденият Никола Димитровски од с.Ж., К.П., за вонредно преиспитување на правосилната пресуда на Основниот суд Крива Паланка К.бр.51/2017 од 08.06.2017 година и пресудата на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр.722/17 од 04.10.2017 година, поднесено преку бранителот Веселин Колевски, адвокат од К.П., по претходно прибавениот писмен одговор на Јавниот обвинител на Република Македонија ОВП.бр.151/2017 од 27.12.2017 година, врз основа на член 464, а согласно со член 467 во врска со член 460 став 2 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр.150/10, 100/12, 142/16 и 198/18), на седницата одржана на ден 23.01.2019 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Барањето на осуденият Никола Димитровски од с.Ж., К.П., за вонредно преиспитување на правосилната пресуда на Основниот суд Крива Паланка К.бр.51/2017 од 08.06.2017 година и пресудата на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр.722/17 од 04.10.2017 година, поднесено преку бранителот Веселин Колевски, адвокат од К.П., СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Крива Паланка со пресуда К.бр.51/2017 од 08.06.2017 година, обвинетиот Никола Димитровски од с.Ж., К.П., го огласил виновен за кривично дело „Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот“ од член 300 став 4 во врска со член 297 став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик, за кое му изрекол алтернативна мерка – условна осуда, така што му утврдил казна затвор во траење од 1 (една) година и определил дека таа нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 2 (две) години по правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело. Обвинетиот бил задолжен да

плати 5.000,00 денари на име паушални трошоци, 4.444,00 денари со пресметан персонален данок за изготвено сообраќајно-техничко вештачење за вешто лице О.Д., 20.000,00 денари за извршено супервештачење на Бирото ..... С., како и трошоци во постапката на полномошникот на оштетениот, адвокат Емилија Младеновска од К.П., во вкупен износ од 44.722,00 денари, се` во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а под страв од присилно извршување. Оштетениот М.С. од К.П. за остварување на своето оштетно побарување бил упатен на редовна граѓанска постапка.

Апелациониот суд Скопје со пресуда КЖ.бр.722/17 од 04.10.2017 година, жалбата на обвинетиот Никола Димитровски од с.Ж., К.П., изјавена преку бранителот Веселин Колевски, адвокат од К.П. ја одбил како неоснована, а жалбата на Основното јавно обвинителство К.П. ја уважил, па пресудата на Основниот суд Крива Паланка К.бр.51/2017 од 08.06.2017 година ја преиначил во делот на одлуката за кривичната санкција, така што обвинетиот Никола Димитровски од с.Ж., К.П., кој со првостепената пресуда бил огласен виновен за кривично дело „Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот“ од член 300 став 4 во врска со член 297 став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик, го осудил на казна затвор во траење од 1 (една) година. Во останатиот дел, првостепената пресуда ја потврдил.

По правосилноста на пресудата, осуденият Никола Димитровски, преку бранителот Веселин Колевски, адвокат од К.П., во законски предвидениот рок, до Врховниот суд на Република Македонија поднесе барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда, во кое се наведува дека е поднесено по сите законски предвидени основи за поднесување вакво барање и се предлага пресудите на пониските судови да се укинат и предметот да биде вратен на повторно одлучување, или пак, обвинетиот да биде ослободен од обвинение.

Осуденият Никола Димитровски лично достави и дополнително образложение на барањето за вонредно преиспитување на правосилна пресуда поднесено од неговиот бранител, во кое се истакнати суштествени повреди на одребите на кривичната постапка, повреда на правото на одбрана и повреди на одредбите на кривичната постапка во жалбена постапка кои влијаеле врз законитото и правилно донесување на пресудата.

Врховниот суд на Република Македонија, во согласност со член 466 став 3 од Законот за кривичната постапка, поднесеното барање и другите списи кон предметот ги достави до Јавниот обвинител на Република Македонија, кој достави писмен одговор ОВП.бр.151/2017 од 27.12.2017 година, со предлог барањето да се одбие.

Откако го разгледа и проучи поднесеното барање, пресудите на пониските судови и другите списи приложени кон предметот, а имајќи го притоа предвид писмениот одговор на Јавниот обвинител на Република Македонија, овој суд најде:

Барањето е неосновано.

Во барањето на осуденият поднесено преку неговиот бранител како и во дополнително доставеното образложение лично од осуденият се наведува дека биле сторени повреди на одредбите на кривичната постапк во жалбената постапка, затоа што второстепениот суд при одлучувањето не ги оценил сите жалбени наводи, како и наводите истакнати на јавната седница одржана пред тој суд, посебно во однос на содржината на изготвеното супервештачење. Во тој контекст, се оспорува и содржината на тоа вештачење, се наведува дека од изведените докази не произлегуваат решавачките факти во врска со настанувањето на опасната сообраќајна ситуација и кривичната одговорност на сега осуденият.

Ценејќи ги наводите во барањето, овој суд најде дека со нив се настојува да се доведе под сомневање утврдената фактичка состојба. Меѓутоа, погрешно утврдената фактичка состојба не е основ за поднесување на овој вонреден правен лек според член 465 од Законот за кривичната постапка. Дотолку повеќе, имајќи го предвид новиот концепт на кривичната постапка, не постои ниту законска можност за оцена на фактичката состојба по службена должност од страна на Врховниот суд на Република Македонија.

По оцена на овој суд, во конкретниот случај правилно е применет Кривичниот законик, затоа што описот на преземените дејствија од страна на осуденият Никола Димитровски кој е содржан во изреката на првостепената пресуда, во целост соодветствува со законскиот опис на кривичното дело кое му било ставено на товар

Неосновани се и наводите за повреда на одредбите на кривичната постапка во жалбена постапка, со оглед на тоа дека во второстепената пресуда се дадени јасно образложени и опширни причини за неоснованоста на наводите истакнати во жалбата на сега осуденият Никола Димитровски. Видно од списите на предметот, второстепениот суд одлучувал по изјавените жалби по одржана јавна седница, на која присуствувале обвинетиот и неговиот бранител, а при одлучувањето, биле земени предвид и усните наводи на странките изнесени на седницата. Воедно, со оцена на сите отежнувачки и олеснувачки околности, второстепениот суд на сега осуденият му изрекол казна затвор во рамките на законски пропишаната за предметното кривично дело и во

таа смисла не било сторено ниту пречекорување на овластувањето во однос на одлуката за казната.

Од изнесените причини, следуваше да се одлучи како во изреката на пресудата, во согласност со член 467 во врска со член 460 став 2 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр.150/10, 100/12, 142/16 и 198/18).

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 23.01.2019 година под Квп1.бр.99/2017.

Виш судски соработник-записничар Претседател на судот-советот
Надица Серафимовска с.р. Јово Вангеловски с.р.

За точноста на отправокот – т в р д и:секретар,